# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ„ФИСКАЛНА ПОЛИТИКА НА ЕУ“ (СКРИПТА) ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р СТЕВАН ГАБЕР, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката бр. 1202 – 145/3 од 144. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет одржана на ден 31.8.2017 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Оливера Георгиева-Трајковска, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
– доц. д-р Илија Груевски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис со наслов „Фискална политика на ЕУ“ од авторот доц. д-р Стеван Габер, наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По предлогот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**

Фискалната политика на секоја национална држава претставува суштинска политика која води до општествената благосостојба, а од таму и одговорноста за нејзиното спроведување добива повеќе на значење. Во тој правец, овој труд треба да даде придонес за поставеноста и структурата на фискалниот систем во една наднационална организација, како што е Европската Унија. Предметот, кој ќе го покрива токму фискалниот и монетарниот аспект на ЕУ, добива повеќе на тежина ако се земе предвид нашиот статус на земја кандидат за членство на ЕУ. Оттаму, неопходно е да се пристапи кон анализа на овој сегмент од јавните финансии, кој се покажа и како еден од најпроблематичните во ЕУ. Таквиот статус на подрачјето на истражување придонесе денес да има оскудна литература од оваа проблематика, што дополнително ја оправдува потребата за оваа скрипта.

Ракописот суштествено се осврнува на проблемите на финансирање на ЕУ, односно буџетот на ЕУ, фискалните правила кои треба да ја стават под контрола неодговорната фискална политика на некои земји членки на ЕУ, потребата од преземање на одредени чекори во насока на приближување на даночните системи на различните по богатство и култура земји членки на Унијата преку соодветни даночни директиви, како и функционалноста на пактот за стабилност и раст како една увертира во претстојниот фискален систем на ЕУ.

Скриптата „Фискална политика на ЕУ“ од доц. д-р Стеван Габер претставува благороден обид материјата од предметите Монетарна и фискална политика на ЕУ и Јавни финансии да ја прикаже пореално и да ги нагласи комплексните аспекти на оваа материја која сè уште трпи интензивни промени.

Скриптата е подготвена за потребите на студентите од Економски факултет, конкретно за студиската програма Финансии (застапен во VII семестар) со неделен фонд на 5 часови (2+2+1) и како дополнителен материјал за предметот Јавни финансии, со неделен фонд на 5 часови (2+2+1).

**Податоци за обемот на ракописот**

**Проблематиката која е предмет на обработка во скриптата е претставена во текст од вкупно** 110 страници, каде што се инкорпорирани и стотина релевантни библиографски единици, како периодични списанија и бројни интернет страници. Текстот во трудот е поткрепен со табели и графикони кои треба да помогнат во доближување и

поедноставно преставување на материјата до студентите. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Ariel, големина на буквите 11. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на ист или сличен наслов**

Рецензентите имаат сознание дека не постојат книги со наслов „Фискална политика на ЕУ“, но постојат книги со наслов „Јавни финансии“ и слично кои минимално ја покриваат наставната материја од оваа област. Авторот во трудот третира мошне привлечна и актуелна проблематика од областа на јавните финансии поврзана со фискалната политика во ЕУ, тема која не била елаборирана до сега поради нејзиниот динамичен карактер, како и многу други прашања за проблемите со должничкото финансирање, кои беа сериозно нагласени во неодамнешната економска криза, потребата за поголема фискална дисциплина, хармонизација на различните даночни системи и сл.

Ваквиот сериозен пристап кон материјата од сферата на јавните финансии го оправдува одобрувањето на оваа скрипта, а едновремено го обврзува авторот така конципираниот материјал да го збогати и да го презентира во форма на учебник.

**Краток опис на содржината**

Во скриптата „Фискална политика на ЕУ“се предвидени пет тематски точки од кои единствено првата има воведен аспект кон создавањето на ЕУ како супранационален ентитет. Всушност, во првата точка насловена како „Европска економска интеграција“, авторот се фокусира на процесот на основање на ЕУ преку соодветните договори, а не го одминува и процесот на одлучување во рамките на ЕУ со цел да се создаде една поширока слика за функционалоста на институциите во Унијата. Тука се прикажани најважните институции во ЕУ, како и создавањето на економската и монетарна унија.

Втората точка ги адресира основните аспекти на фискалното делување во ЕУ почнувајќи од фискалните елементи опфатени со спогодбите за основање на ЕУ, па сѐ до проблемите поврзани со функционирањето на ЕУ со заедничка монетарна политика и суверени национални фискални политики. Токму различноста на националните економии на одделните земји членки на Унијата се покажаа како сериозен проблем во натамошните чекори кон поголема економска интеграција во ЕУ.

Во третата точка од трудот, авторот гобдоловувабпочетниот консензус помеѓу земјите членки во областа на фискалната политика, а тоа е креирањето на заеднички буџет на ЕУ. Соодветно се елаборирани и сегментите како буџетската процедура, изворите за финансирање на буџетот на ЕУ со нагласување на релевантноста на одредени даноци, расходните ставки кои претежно се однесуваат на бројните фондови - програми карактеристични за ЕУ, како и среднорочната финансиска перспектива.

Четвртата точка - *Хармонизација на даночните системи во ЕУ* ги адресира суштествените прашања од сегментот на даночната политика. Тука се мисли на различните даночни системи, односно побогатите земји членки практикуваат една даночна политика со повисоки даночни стапки и нагласена прогресија, а посиромашните со пониски даночни стапки со рамен даночен систем. Затоа хармонизацијата на даноците се смета за едно од клучните прашања на фискалната политика на ЕУ која треба постепено да ги приближува земјите и да ги елиминира таквите разлики кои се толкуваат како еден вид на даночна конкуренција. Хармонизацијата на индиректните даноци во ЕУ е скоро комплетирана, па дури и во случајот со Република Македонија како земја кандидат за членство, но сериозните проблеми се детектирани во областа на директното оданочување каде што варијацијата на даночните стапки и потребата за фискален суверенитет се сериозно нагласени.

Петтата точка -*Должничките аспекти на фискалната политика на ЕУ* го анализира трендот на должничкото финансирање на владите на земјите членки и ефектите од примената на таква неодговорна фискална политика, која генерира негативни ситуации на пазарот на капитал, дури и за оние земји членки кои водат прудентна фискална политика. Меѓутоа, за да биде сериозно сфатена, ЕУ треба да се придржува до одредени фискални

правила, како оние за буџетскиот дефицит и јавниот долг, при што земјите членки ќе мора да водат дисциплинирана фискална политика која ќе ги земе предвид и цикличните движења во економијата, а кои може сериозно да ја влошат состојбата со буџетскиот дефицит и јавниот долг. Во овој дел авторот го објаснува и функционирањето на пактот за стабилност и раст како еден постулат за единствена фискална политика во ЕУ, но и реформите на кои треба да биде подложен ако се сака да се подобри неговата ефикасност.

## З А К Л У Ч О К

Релевантноста на трудот на доц. д-р Стеван Габерсе согледува во пристапот и начинот на обработка на една осетлива проблематика од областа на јавните финансии – фискалната политика на ЕУ. Ова е динамична тема која своите никулци ги отсликува преку трите постулати и тоа: пактот за стабилност и раст, буџетот на ЕУ и даночната хармонизација. Оваа проблематика со текот на годините добива сè поголемо значење и покрај сериозните отпори што доаѓаат од земјите членки на ЕУ кои сакаат да го зачуваат својот фискален суверенитет во поглед на даночната политика и непродуктивната јавна потрошувачката. Тој темелно ги анализира сите аспекти на фискалната политика во ЕУ во поглед на дефицитарното финансирање на државата, последователните ефекти, како и примената на фискалните правила со кои се настојува да се држи под контрола непродуктивното и расипничко трошење на владите.

Несомнено е дека таквата теоретска поставеност на трудот, проследена со практична елаборација на претходно опишаните појави, многу ќе им помогне на студентите за појасно да ги разберат и толкуваат суштинските проблеми за фискалните аспекти во ЕУ, а кои пак отсликуваат една невообичаена пракса во јавните финансии.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Штип скриптата со наслов „Фискална политика на ЕУ" од доц. д-р Стеван Габер да ја одобри за издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Оливера Георгиева-Трајковска, с.р.**
**Доц. д-р Илија Груевски, с.р.**